Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

## Извадок на дел од дневни настани 16.12.2020

На 15.12.2020 околу 16.20 часот на Градскиот плоштад во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.А.(45) од Тетово и Џ.М.(46) од с.Челопек, тетовско, затоа што продавале пиротехнички средства. Тие биле приведени и задржани во Полициската станица Тетово и од нив биле одземени над 2.000 парчиња разновидни пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 16.12.2020 во 02.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош ги лишиле од слобода А.М.(22) и Д.А.(22), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив биле пронајдени марихуана и дигитална вага. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2020 во 21.40 часот било пријавено дека на магистралниот пат Штип-Кочани, на излез од с.Крупиште, патничко возило „форд ескорд“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.К.(41) од с.Уларци, штипско, излетало од коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничкиот центар Штип. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Штип.

На 15.12.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Центар, М.Д.(30) од Скопје пријавила дека на ул.„Тодор Александров“ била касната од куче скитник.

На 15.12.2020 во 18.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.А.(39) од Скопје пријавил дека во населбата „11 Октомври“ бил каснат од куче скитник.

На 16.12.2020 во 01.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Б.Б.(32) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден шприц и бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.12.2020 околу 01.00 часот од полициски службеници од СВР Скопје на место викано Сончев град, при преглед над К.П.(51) од Скопје пронашле револвер „Свит Венсон“ калибар 38 и куршуми за него. Додека, при преглед на Ц.Д.(40) од Скопје бил пронајден пиштол „Берета 22 ЛР“ со куршуми во него. Тие биле приведени за понатамошна постапка и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 15.12.2020 во 22.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Драчево, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.К.(29) и С.С.(19), двајцата од Скопје. Сочинети записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.12.2020 во 10.30 часот било пријавено дека во с.Јурумлери, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Б.(32) и Ќ.Б.(56), од една страна и Е.Ш.(22), С.Ш.(42) и Џ.Ш.(45) од друга страна. Сочинети записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.12.2020 во 13.30 часот, Ќ.И.(47) од Скопје пријавил дека на 14.12.2020 околу 20.20 часот во с.Арачиново, скопско, по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице од с.Арачиново. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.Џ. (47) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда“. На 04.11.2020 во угостителски објект во с.Мало Турчане, гостиварско, пријавениот физички го нападнал Џ.А. и му нанел повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(32) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена“. На 19.11.2020, пријавениот преку социјалната мрежа фејсбук уценувал 32-годишна жена од тетовско село дека ќе објави компромитирачки фотографии ако не му даде 300 евра. Набргу потоа, тој бил лишен од слобода.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.И.(38) и Г.Е.(45), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 03.02.2019 полициски службеници извршиле преглед над пријавените, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.П.(28) од с.Караорман, штипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 07.12.2019 во Штип, полициски службеници извршиле преглед на патничкото возило „фолксваген голф“, управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(64) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест“. На 16.11.2020 во Тетово, полициски службеници не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што бил лабораториски потврден позитивен случај на Ковид 19 и му било издадено решение за изолација од Државен санитарен и здравствен иснпекторат.

На 15.12.2020 околу 21.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Г.Ј.(45) од Куманово поради основано сомнение дека извршил напад на полициски службеник кој вршел службени дејствија. Лицето е задржано во Полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава. За настанот постапува и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет